СЕ ПОДГОТВУВА БАЛКАНСКА ФИЛМСКА КОМЕДИЈА



Фото: В. Тануровски

Неофицијално, дел од сценаристите е и д-р Неле Карајлиќ од "Топ листа на надреалисти".- Со Ранко Бубамара

# Политичари ќе глумат во филм на Ранко Бубамара

Политичари ќе бидат глумци во новиот филм "Градоначалникот е невин", урнебесна комедија и сатира со трагикомичен крај, најавува сценаристот Ранко Петровиќ, првиот човек на радио "Бубамара" и сценарист на популарното шоу "Златна Бубамара на популарноста".

"Новиот филм ќе ги обедини најголемите сатиричари, политичари и музичари од Балканот во големиот филмски спектакл, во кој политичарите ќе играат пред филмските камери, а граѓаните ќе ги посетуваат киносалите со поголемо задоволство отколку гласачките места. Во изминатите 8 години се пишуваше, допишуваше и се делкаше сценариото за новиот филмски проект", ни изјави Петровиќ. Сценариото треба да е готово до крајот на месецот, и ќе биде испратено на доработка кај најголемите хумористи и сатиричари од регионот, до таканаречениот "Балкан сатира дрим тим". Неофицијално дознаваме дека на сценариото, покрај Ранко Бубамара, работи д-р Неле Карајлиќ од култната сараевска ТВ-серија "Топ листа на надреалисти", домашните сатирични херои "К-15" и други познати сценаристи од регионот. Музиката за филмот се планирани да ја работат "Дубиоза колектив", Бајага, Мањифико, САРС и Влатко Стефановски.

**Ранко Петровиќ најавува урнебесен регионален блокбастер "Градоначалникот е невин", кој ќе игра во киносалите и на градските плоштади, а главните глумци ќе бидат политичарите кои, со нивната брилијантна кариера, пред ТВ-камерите ќе се играат себеси во вистинските случки од политичкиот живот**

"Најпознатите и најмаркантни градоначалници и советници од целиот Балкан, како филмски глумци ќе играат заедно со најпознатите актери од регионот. До ваква идеја дојдовме поради одличните актерски способности на голем број личности од политичкиот живот. Нивната спонтана актерска игра и стаж пред ТВ-камерите е брилијантна, така што сигурно тие би заблескале во полн сјај пред високобуџетните филмски камери, со што ќе остават траен печат во филмската индустрија и кај своето гласачко тело. Кога некого го сака камера, го сака и народот", додава, во свој стил, Ранко Бубамара.

Тој објаснува дека никогаш во историјата не се собрале најмоќните луѓе од еден регион за да учествуваат во филм во кој ќе има сатира и хумор, а најголемиот дел ќе биде на нивна сметка. "Поголем дел од буџетот за филмот е речиси обезбеден, во овој филм општинските советници, политичари и градоначалници нема да бидат платени ниту потплатени туку ќе учествуваат без хонорар, како дел од нивната определба да работат за добро на народот. Во филмот учествуваат вистинските ликови од политичкиот живот кои своите реплики и случки ги кажуваат во автентичен стил: носење на ДУП-ови, сечење дрвја, борба со загадениот воздух, говорот на бизнисмените, упикувачите, потплатувачите и начин на манипулација со народот", вели сценаристот.

Филмот ќе се снима во повеќе градови од поранешните југословенски републики и во Бугарија. Делот од сценариото кој е поврзан со Скопје и со Македонија, веќе е завршен, а во наредниот период ќе се надополни во зависност од актуелноста на некој настан.

***М.Царовска***

НА ВЕЧЕРАШНИОТ КОНЦЕРТ ВО ДОМ НА АРМ

## Рускиот виолончелист Књазев со Филхармонијата

Виолончелистот од Русија Александар Књазев е солист на вечерашниот концерт на Македонската филхармонија, во 20 часот во Дом на АРМ.

Концертот е насловен "Фантастичен бутик", на кој премиерно, под диригентсво на Емил Табаков од Бугарија, ќе се изведе истоимениот балет од Росини/Респиги.

Књазев, кој има титула на почесен уметник на Русија, ќе го изведе Концертот за виолончело и оркестар бр. 1 во А-мол од Камиј Сен-Санс.

На концертот ќе биде изведено и делото "Танц на мртвите", исто така, од Сен-Санс.